Фабрика "КАРПОШ"
Акционерско друштво
02 Бр. 2582/1
14.10.2020 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 32 од Законот за преземање на акционерски друштва, Управниот одбор на Фабрика Карпош АД Скопје, друштво регистрирано во Централен регистар на Република Северна Македонија со ЕМБС 4054890 и службена адреса на ул. Ацо Шопов бр. 76, 1000 Скопје, го објавува следново

**МИСЛЕЊЕ**

На Управниот Одбор на Фабрика Карпош АД Скопје во однос на понудата за преземање дадена од Градежен институт Македонија АД Скопје (Преземач) друштво регистрирано во Централен регистар на Република Северна Македонија со ЕМБС 4067533 и службена адреса на ул. Дрезденска бр.52, 1000 Скопје, која се однесува на 63.892 обични акции издадени од страна на на Фабрика Карпош АД (целно друштво):

Сметаме дека оваа понуда за преземање, нема да резултира со отпуштање на постоечките вработени во Фабрика Карпош АД Скопје, напротив ќе се усоврши технологијата, ќе се зголеми продуктивноста, а со тоа и бројот на вработени.
Врз основа на проспектот подготвен во врска со Понудата за преземање од страна на Градежен институт Македонија АД Скопје, Управниот одбор на Фабрика Карпош АД Скопје смета дека преземачот преку неговата пазарна позиција во земјата и странство стратешки е добро позициониран за да го подржи Карпош АД Скопје и да допринсе за понатамошниот економски развој.

Од гледна точка на Управниот одбор, разумно е да се очекува дека успешното спроведување на понудата за преземање би ги унапредило и проширило деловните активности помеѓу Градежен институт Македонија АД Скопје и Фабрика Карпош АД Скопје, а со тоа би се зголемиле купопродажните договори и вкупните приходи на Фабрика Карпош АД Скопје.

Понатаму, Управниот одбор е уверен дека успешно завршување на понудата за преземање од страна на Градежен институт Македонија АД Скопје, ќе резултира со унапредување на меѓусебните деловни релации преку размена на знаење и технологија, а тоа ќе доведе до подобрување на пазарната позиција на Фабрика Карпош АД Скопје.

Конечно, Управниот одбор има разумни причини да верува дека во случај на успешно завршена Понуда за преземање, Градежен институт Македонија АД Скопје ќе се потпре на постоечкиот менаџмент и висококвалификувана работна сила на Карпош АД Скопје и дека успешната Понуда за преземање нема да предизвика значајни промени во однос на политиката на вработување или пак на работниот и/или правниот статус на вработените во Фабрика Карпош АД Скопје.

Фабрика Карпош АД Скопје е долгогодишен деловен партнер на преземачот. Како резултат на тоа, членовите на Надзорниот и Управниот одбор на друштвото се во постојан контакт со преземачот во врска со секојдневните деловни активности на двете компании. При тоа членовите беа запознаени со тековните активности на преземачот во врска со Понудата за преземање.

Градежен институт Македонија АД Скопје е доминантен акционер во Фабрика Карпош АД Скопје и пред да ја објави понудата за преземање поседуваше над 2/3 од акциите со право на глас. Градежен институт Македонија АД Скопје независно ги формира своите одлуки во врска со начинот на остварување на правото на глас од акции кои ги поседува и истите ги остварува на Собранијата на акционери на друштвото.

Членовите на Управниот одбор сметаат дека цената понудена во Понудата за преземање е фер и е соодветна на пазарната вредност на акциите на Фабрика Карпош АД Скопје. Членовите на Управниот одбор на Фабрика Карпош АД Скопје кои поседуваат акции не планираат да ја менуваат својата позиција во акционерската структура на друштвото.

Последните ревидирани финансиски извештаи на Фабрика Карпош АД Скопје се однесуваат на периодот кој завршува на 31/12/2019 година. Ревизијата беше извршена од Расел Бедфорд Атанасовски ДООЕЛ Скопје. Расел Бедфорд Атанасовски ДООЕЛ Скопје даде мислење со резерва за финансиските извештаи. Со постапката на ревизијата утврдени се вкупно средства од 1.419.689 илјади денари, додека вкупните обврски се утврдени во висина од 1.034.923 илјади денари.

Добивката по оданочување во 2019 година изнесува 33.023 илјади денари. Книговодствената вредност изнесува 1286,36 денари по акција. Во 2019 остварени се приходи од продажба од 1.007.612 илјади денари, а годината е завршена со добивка зголемена за околу 15% во однос на 2018 година.

**Фабрика Карпош АД Скопје,**

**Претседател на Управен одбор**
**Горан Јоксимовиќ**